**20180230366**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 70-в став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.1.2018 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука, се дава согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2018 година, бр.49-372/5 од 29.1.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-853/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.